Акционерско друштво за ... СИНЦЕРИТАС АД
Бр 02-275/6
30.06.2023 год.
СКОПЈЕ

Во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/2020, 215/2021 и 99/2022), и одредбите од член 28 од Статутот на Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје, со ЕМБС 7244991 (во натамошниот текст „**Друштвото**“), Собранието на акционери на Друштвото на 30 јуни 2023, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за Усвојување на Ревидираните Финансиски Извештаи на Друштвото за Деловната 2022 Година

**Член 1**

Согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, Собранието на акционери на Друштвото со оваа Одлука ги усвојуваат ревидираниот финансиски извештај на Друштвото за деловната 2022 година, ревидирани од страна на Гранд Торнтон ДОО Скопје, ул. Св. Кирил и Методиј бр. 52b-1/20, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, („**Ревизорскиот извештај**''). Финансиските извештаи и Ревизорскиот извештај се составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Скопје, 30 јуни 2023 година

Претседавач на Собранието на акционери на Друштвото,

______________________
Иван Стојановски

Pursuant to the provisions of the Law on Trade Companies (“Official Gazette of the Republic of Macedonia” no. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 and 120/2018 and “Official Gazette of the Republic of North Macedonia” no. 290/2020, 215/2021 and 99/2022) and the provisions of Article 28 of the Statute of Joint stock company for production, trade and services SINCERITAS AD Skopje, with registration number (EMBS) 7244991 (hereinafter: the “**Company**”), the Shareholders Assembly of the Company on 30th of June 2023, adopted the following:

**RESOLUTION**

For Adoption of the Company’s Audited Financial Statements for the Business Year 2022

**Article 1**

In accordance with the Law on Trade Companies and the Statute of the Company, the Shareholders Assembly of the Company, the Shareholders hereby adopt the Audited Financial Statement of the Company for the Business Year 2022, audited by Grand Thornton LLC Skopje, with address at Sv. Kiril I Metodij no. 52b-1/20, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia, (the “**Audit Report”).** The Financial Statements and the Audit Report represent an integral part of this Resolution.

**Article 2**

This Resolution shall enter into force from the day of its adoption.

Skopje, 30 June 2023

Chairman of the Shareholders Assembly of the Company,

______________________
Ivan Stojanovski

**СИНЦЕРИТАС АД СКОПЈЕ**

**Годишен извештај**
**за годината што завршува на**
**31 декември 2022**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**31 декември 2022**

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Општи информации | 1 |
| 2. | Финансиски резултат на друштвото | 2 |
| 2.1 | Промени во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува | 2 |
| 2.2 | Одговорот на друштвото на промените и нивното влијание | 2 |
| 3. | Политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото | 2 |
| 3.1 | Политика на дивиденди | 2 |
| 3.2 | Управување со ризикот на капиталот | 2 |
| 3.3 | Извори на средства на друштвото | 2 |
| 4. | Големи зделки и зделки со заинтересирана страна | 2 |
| 4.1 | Големи зделки | 2 |
| 4.2 | Зделки со заинтересирана страна | 2 |
| 5. | Средствата на друштвото чијашто вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните сметководствени стандарди | 3 |
| 6. | Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат | 3 |
| 7. | Активностите во сферата на истражувањето и развојот | 3 |
| 8. | Примања на извршни членови на одборот на директори и управниот одбор | 3 |
| 9. | Примања на неизвршни членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор | 3 |

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Акционерското друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД СКОПЈЕ (натаму: Друштвото) е акционерско друштво запишано во Трговскиот Регистар на Република Северна Македонија.

Друштвото е основано за производство и развој на производи засновани на фармацевтски канабис (производство на цвет од канабис, како и масло од канабис за медицинска употреба).

Приоритетна дејност според Централен Регистар на Република Северна Македонија е 46.90 – Неспецијализирана трговија на големо.

Седиште на Друштвото е на улица Антон Панов број 11, Скопје.

Структурата на капиталот, со одлука на собрание на акционери од јуни 2022, е 4400 сопствени акции и 2.797.100 обични акции во сопственост на правно лице Синцеритас АГ – Германија). Номиналната вредноста на 1 обична акција изнесува 1 EUR.

Додека пак, структурата на капиталот на Друштвото по родови на акции на 31 Декември 2021 година е составена од издадени 2.801.500 обични акции во сопственост на правни и физички лица акционери, при што 4.400 се сопствени акции. Номиналната вредноста на 1 обична акција изнесува 1 EUR.

Друштвото е трансформирано од ДОО во АД, со одлука на Собирот на содружници на 21 декември 2020 година за трансформација од ДОО во АД, односно претворање на уделите во акции, со номинална вредност од едно евро по акција.

На 31 декември 2022 Друштвото имаше 8 вработени (31 декември 2021: 70 вработени). Оваа промена во бројот на вработените е резултат на одлука на менаџментот, за да останатиот број на вработени се ангажираат преку агенција за привремени вработувања.

## 2. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ НА ДРУШТВОТО

Во текот на 2022 година Друштвото оствари загуба во износ од 140.029 илјади денари.

### 2.1 ПРОМЕНИ ВО ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО ЧИИШТО РАМКИ ДРУШТВОТО ДЕЈСТВУВА

Во текот на 2022 година не постоеја поголеми промени во окружувањето кои што влијаеа на работењето на Друштвото. Како резултат на правните и други ограничувања во дејноста во која работи друштвото, во изминатиов период вклучително и во 2022 година кога постоеја законски и други ограничувања во врска со продажбата на производите на друштвото, истото во изминативе години работи со загуби.

### 2.2 ОДГОВОРОТ НА ДРУШТВОТО НА ПРОМЕНИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ

Подобрување на економичноста на работењето преку рационализација на набавките и користењето на внатрешните резерви. Дополнително, друштвото во 2022 година инвестираше во насока на добивање на т.н. меѓународен GMP сертификат, кој ќе му овозможи, откако ќе бидат надминати правните и други ограничувања за продажба на производите на друштвото, да продава производи на странските пазари, каде што се бара поседување на таков сертификат.
Друштвото во 2022 година се стекна со државен GMP сертификат за производство на сув цвет и државен GMP сертификат за екстракт од масло од канабис.

## 3. ПОЛИТИКАТА НА ВЛОЖУВАЊА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗА ПОДДРШКА НА УСПЕШНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

Друштвото ги следи трендовите на пазарот, сите промени, сите движења и соодветно се прилагодува преку прилагодување - измена на своите политики на барањата на пазарот.

### 3.1 ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Друштвото нема посебна политика за исплата на дивиденди, особено затоа што сеуште работи со загуби.

### 3.2 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ НА КАПИТАЛОТ

Друштвото управува со својот капитал за да се обезбеди дека ќе продолжи да работи и во иднина врз основа на принципот на континуитет преку настојување да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина.

### 3.3 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО

Капиталната структура на Друштвото се состои основна главнина која му припаѓа на сопственикот, премија на издадени акции и акумулирана загуба, како и од долгорочни и краткорочни кредити и заеми.

## 4. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

### 4.1 ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ

Согласно Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот голема зделка ги опфаќа трансакциите кои надминуваат 20% од сегашната вредност на вкупните средства на друштвото во облик и форма на позајмици, кредити, гаранции, хипотеки. Друштвото во текот на 2022 имаше добиено заеми од крајниот сопственик на друштвото кои надминуваат 20% од сегашната вредност на вкупните средства на друштвото.

### 4.2 ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

Согласно Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот заинтересирана страна со кој се опфатени сите трансакции (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересираната страна е член на орган на управување, односно надзорниот одбор или управителот, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за

зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во постапка. Со исклучок на примените заеми, Друштвото немаше останати трансакции со заинтересирани страни.

## 5. СРЕДСТВАТА НА ДРУШТВОТО ЧИЈАШТО ВРЕДНОСТ НЕ Е ОДРАЗЕНА ВО БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБАТА СПОРЕД МЕЃУНАРОДНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ

На 31 декември 2022 година сите средства на Друштвото се признаени во билансот на состојбата на Друштвото во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување кои се применуваат во Република Северна Македонија.

## 6. ИЗГЛЕДИТЕ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ДРУШТВОТО И НЕГОВИОТ ДЕЛОВЕН ПОТФАТ

За 2023 година планирано е зголемување на обемот на продажбата и остварување позитивен финансиски резултат. Со целосно отстранување на ограничувањата кои постојат во врска со продажбата на производите на друштвото, што треба да се случи во 2023 година, друштвото очекува да започне со остварување на позитивни финансиски резултати и со тоа да може непречено да функционира.

## 7. АКТИВНОСТИТЕ ВО СФЕРАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ

Друштвото вложува во човечки ресурси и унапредување на организацијата на работата, проширување на асортиманот и зголемување на продуктивноста, ефикасноста и ефективноста на работењето.

## 8. ПРИМАЊА НА ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ И УПРАВНИОТ ОДБОР

Друштвото има Претседател на одбор на директори чии примања во 2022 година не се утврдени.

## 9. ПРИМАЊА НА НЕИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ И ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Друштвото нема надзорен орган.

Одобрено од:

Роберт Новески

Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје